РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-907/6
18-11-2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и третата седница одржана на ден 01 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот број 09-907/1 од 01.03.2019 година, поради што предметот се затвора и архивира.

Образложение

Врз основа на пријава од познат пријавител оформен е предмет број 09-907/1 од 01.03.2019 година за постоење судир на интереси за Светлана Карапетрова поранешна пратеничка во Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи имала влијание при вработувањето во ЈЗУ Клиничка Болница Тетово и во Биро за јавна безбедност, на своите синови Иван Карапетров и Александар Карапетров.

Согласно своите надлежности, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ЈЗУ Клиничка Болница Тетово и во Бирото за јавна безбедност, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од предметот оформен по пријава од познат пријавител за постоење на состојба на судир на интереси. Од увидот во документацијата, како и од информациите добиени од одговорни лица во ЈЗУ Клиничка Болница Тетово и во Бирото за јавна безбедност, ги утврдивме следниве состојби:

Членот 156 и членот 157 од Законот за здравствената заштита ја уредуваат постапката за објавување јавен оглас и ги определуваат критериумите кои кандидатите треба да ги исполнуваат. Понатаму, членот 160 од Законот за здравствената заштита ги уредува правилата според кои Комисијата за селекција ја спроведува постапката за селекција на кандидатите кои ги исполнуваат критериумите, додека пак членот 161 став 1 ја уредува надлежноста на раководното лице на работоводниот орган да донесе одлука за избор на лице од претходно утврдената ранг листа на кандидатите кои ги исполнуваат условите предвидени со овој закон. Во врска со конкретната ситуација, Комисијата за селекција при ЈЗУ Клиничка Болница Тетово доставила список на кандидати кои конкурирале на јавниот оглас со утврдени бодови, но не и

предлог листа од три кандидати за секоја позиција. Бодирањето на пријавените кандидати било извршено согласно со закон уврдените критериуми, меѓутоа не е обезбеден акт со кој е уреден начинот на вреднување на постигнатиот просечен успех од студиите, за потврда на доделените бодови од образование. Имено, од приложената документација може да се види дека лицето Иван Карапетров избран согласно одлуката за избор на кандидати донесена од страна на директорот на болницата е 24-ти на конечната ранг листа, а директорот на болницата со него склучил договор за вработување. Од вака утврдената фактичка состојба може да се констатира искористеното дискреционо право на директорот на болницата согласно член 161 став 1 од Законот за здравствената заштита, кој што избрал да заснова работен однос со Иван Карапетров иако бил пониско рангиран, односно имало кандидати кои имале добиено повеќе бодови.

Со член 50 и член 51 од Законот за внатрешни работи, актите за организација на МВР во која се вклучени Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбеденост, се утврдуваат со Уредба донесена од Владата на Република Македонија, додека актот за систематизација на работните места во Министерството, во кој се инкорпорирани актите на Бирото и Управата го донесува министерот со претходна согласност од Владата на Република Македонија. Согласно член 33 од Законот за внатрешни работи, во Министерството вработените имаат статус на: овластени службени лица; административни службеници, согласно Законот за административни службеници и работници согласно Законот за работните односи. Вработувањето во МВР се врши со објавување на јавен оглас согласно член 71, а, за работните места кои во актот за систематизација на работните места се утврдени со статус - овластени службени лица, како и за стипендисти на Министерството вработувањата се вршат без објава на оглас согласно член 76. Од прична што актите за организација и систематизација на работните места во МВР се класифицирани, пракса е во МВР вработувањата да се вршат по член 76, односно без објава на оглас. Ваквиот принцип на избор на лица кои ќе бидат ангажирани во МВР создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, создава услови за недоследна примена на здравствените и бебедносните проверки, ги нарушува основните уставни права на граѓаните.

Поради фактот што вработувањето на Иван Карапетров е во ЈЗУ Клиничка Болница Тетово, а согласно член 56 став 1 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, Светлана Карапетров не е службено лице кое врши надзор над субјектот каде блиското лице е вработено и Александар Карапетров вработен во БЈБ, а согласно член 76 од Законот за внатрешни работи неговото вработување е без објава на оглас, без можност за конкуренција и пријава на други кандидати, Државната комисија не е во можност да утврди влијание од Светлана Карапетров поранешен пратеник во Собранието на РСМ, при вработувањето на своите синови и нема законски можности за натамошно постапување и преземање мерки кон наведените лица.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk